Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3894/6 од 25.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 25.10.2021 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Член 1**

Насловот на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1063/1 од 11.02.2015 година и бр.01-4085/1 од 18.06.2015 година, се менува и гласи: „Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ (во понатамошниот текст: Правилник за службените возила на Агенцијата).

**Член 2**

Во глава „I. ОПШТИ ОДРЕДБИ“, се вршат следните измени и дополнувања:

- во членот 1 зборот: „моторни“ се брише;
- во насловот пред членот 2: „Дефиниција на службено моторно возило“ зборот: „моторно“ се брише;
- членот 2 се менува и гласи: „Службено возило во смисла на овој Правилник се смета секое возило кое е во сопственост на Агенцијата и се користи за службени потреби.“;
- во членот 3 зборот: „моторни“ се брише;
- во членот 4:
  - во ставот 1 зборот: „моторни“ се брише;
  - по ставот 1 се додава нов став (2) кој гласи: „Електричниот мопед може да се користи исклучиво за службени потреби - за достава на пошта во градот Скопје и локално во радиус до 35 km.“

**Член 3**

Во насловот на глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, зборот: „моторни“ се брише.

**Член 4**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во членот 5, се вршат следните измени и дополнувања:

- ставот 1 се менува и гласи: „Службеното возило може да се користи исклучиво за службени потреби на членовите на Советот на Агенцијата, директорот на

Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата, вработените во стручната служба на Агенцијата и на други лица службено поврзани со Агенцијата.

- ставот 2 се менува и гласи: „Налогот за користење патнички автомобил за деловни потреби (Прилог бр.2 кон овој Правилник) во Скопје и локално до 35 km, за членовите на Советот на Агенцијата, за вработените во стручната служба и за други лица службено поврзани со Агенцијата, го потпишува раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, врз основа на барање (преку електронска пошта, преку смс порака или телефонски).“
- по ставот 2 се додава нов став (3) кој гласи: „Налогот за службено патување во Република Северна Македонија (Прилог бр.3) и Патниот налог за службено патување во странство (Прилог бр.4), за членовите на Советот на Агенцијата и за вработените во стручната служба, а за други лица службено поврзани со Агенцијата само за службени патувања во РСМ, го одобрува директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство заменик на директорот на Агенцијата, врз основа на претходно поднесено писмено барање, односно донесено решение за службено патување.
- во ставот 3 (кој со овие измени и дополнувања станува став 4) зборовите: „претседателот на Советот на Агенцијата“ се заменуваат со зборовите: „заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата“;
- ставот 4 (кој со овие измени и дополнувања станува став 5) се менува и гласи: „Патниот налог за патувања во Република Северна Македонија и во странство, за заменик на директорот на Агенцијата, го одобрува директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата, врз основа на претходно поднесено писмено барање.“
- ставот 5 (кој со овие измени и дополнувања станува став 6) се менува и гласи: „Возачот/доставувачот е должен во текот на работното време да ги превезува со службено возило: директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата, членовите на Советот на Агенцијата, вработените во Агенцијата и други лица службено поврзани со Агенцијата, а по потреба овој превоз ќе го вршат другите овластени лица од страна на директорот на Агенцијата/заменик на директорот на Агенцијата. “
- во ставот 6 (кој со овие измени и дополнувања станува став 7) зборот: „моторно“ се брише.
- во ставот 7 (кој со овие измени и дополнувања станува став 8) зборот: „моторно“ се брише.

**Член 5**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, по членот 5 се додава нов член 6 кој гласи:

„Член 6

(1) Службениот електричен мопед може да се користи исклучиво за извршување на службени работи - за достава на пошта во градот Скопје и локално до 35 km, врз основа на одобрен патен налог во писмена форма.

(2) Пред користење на службениот електричен мопед, возачот/доставувачот задолжително го известува (телефонски или преку смс порака), Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи.

(3) Забрането е користење на електричниот мопед за било која друга намена без пишан патен налог.“

**Член 6**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, членот 6 (кој со овие измени и дополнувања станува член 7) се менува и гласи:

„Член 7

(1) За секое користење на службено возило се издава патен налог за користење на службеното возило во писмена форма.

(2) Патниот налог од став 1 од овој член го пополнува возачот/доставувачот, а го потпишуваат корисникот на службеното возило, раководителот на Секторот за информатичка подршка и општи работи и возачот/доставувачот, секој во рамките на својата надлежност. Тоа се однесува на сите патувања на подрачјето на градот Скопје. Налогот за службени патувања во Република Северна Македонија и во странство на вработените во стручната служба на Агенцијата, го потпишува директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство заменик на директорот на Агенцијата/овластеното лице.

(3) Патниот налог мора да биде даден на потпис кај соодветното овластено лице пред почетокот на користењето на службеното возило. Без потпишан патен налог од налогодавачот не смее да се користат службените возила.

(4) Образецот на патниот налог кој се однесува на службените патувања на подрачјето на градот Скопје е даден како прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Прилог бр.2). Образецот на налогот за службени патувања во Република Северна Македонија е даден како прилог на овој Правилник (Прилог бр.3). Образецот на налогот за службени патувања во странство е даден како прилог на овој Правилник (Прилог бр.4).

**Член 7**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во членот 7 (кој со овие измени и дополнувања станува член 8), зборот: „моторно“ се брише.

**Член 8**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во членот 8 (кој со овие измени и дополнувања станува член 9), се вршат следните измени:

- зборовите: „моторно“ и „и Секторот за правни и економско – финансиски работи (секој во рамките на својата надлежност)“ се бришат;
- по зборот: „возачот“ се додава интерпукцискиот знак запирка (,) и зборот: „доставувачот“ и
- зборовите: „(Прилог бр.3)“ се заменуваат со зборовите: „(Прилог бр.5)“.

**Член 9**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во членот 9 (кој со овие измени и дополнувања станува член 10), се вршат следните измени и дополнувања:

- зборовите: „моторно“ секаде се бришат и
- по зборот: „возач“ се додава интерпукцискиот знак запирка (,) и зборот: „доставувач“.

**Член 10**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, по членот 9 (кој со овие измени и дополнувања стана член 10), се додава нов член 11 кој гласи:

„Член 11

(1) Патниот налог за користење на службениот електричен мопед за превоз во Скопје и локално до 35 km се издава непосредно пред да почне користењето на службениот електричен мопед, со пополнување на потребните податоци за започнување на користењето: име и презиме на возачот, доставувач, место на поаѓање, час и дата на поаѓање, цел на патувањето, потпис на овластено лице и печат.

(2) По завршување на користењето на службениот електричен мопед, се внесуваат другите податоци кои се однесуваат на користењето на службениот електричен мопед и тоа: место, час и дата на пристигнување, податок за поминати километри и потпис на возачот, доставувачот.“

**Член 11**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во насловот пред членот 10 (кој со овие измени и дополнувања станува член 12): „Постапка за користење на службените моторни возила во случај на итна потреба од превоз“, зборот: „моторни“ се брише.

**Член 12**

Во глава „II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во членот 10 (кој со овие измени и дополнувања станува член 12) се вршат следните измени:

- зборот: „член 6“ се заменува со зборот: „член 7“;
- зборовите: „моторно“ секаде се бришат и
- по зборот: „возачот“ се додава интерпукцискиот знак запирка (,) и зборот: „доставувачот“.

**Член 13**

Во насловот на глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ зборот: „моторни“ се брише.

**Член 14**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ членот 11 (кој со овие измени и дополнувања станува член 13), се менува и гласи:

„Член 13

(1) Со службените возила може да управува само вработен во Агенцијата кој согласно Правилникот за внатрешна организација и начин на работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Прилог број 1 –Табеларен преглед на работните места и звања, врши задачи на работното место возач, доставувач и на кој му е издаден патен налог за управување со службено возило, кој поседува полномошно за управување туѓо моторно возило и важечка возачка дозвола со соодветна категорија.

(2) Со решение на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство заменик на директорот на Агенцијата, може/ат да се овласти/ат и друго/и лице/а да управува со службените возила на Агенцијата, а тоа лице/а треба да поседува/ат важечка возачка дозвола со соодветна категорија.

(3) Вработениот кој управува со службеното возило во сопственост на Агенцијата, должен е да го провери патниот налог, внимателно да управува со возилото, да се грижи за хигиената во возилото, да провери дали се исправни сите светлосни знаци и страничните огледала, по завршување на патувањето да го врати возилото во Агенцијата, да ги внесе потребните податоци во патниот налог и во месечниот извештај, како и да ги врати клучевите во службените простории на Агенцијата, на определеното местото за чување на клучевите.

(4) Возачот, доставувачот кој управува со службениот електричен мопед кој е во сопственост на Агенцијата, должен е внимателно да управува со мопедот, редовно да ја полни литиумската батерија на мопедот, да се грижи куферот на мопедот кој се наоѓа во задниот дел и кое служи за сместување на документите постојано да биде заклучено со клуч, да се грижи за хигиена во мопедот, да проверува дали се исправни сите светлосни знаци и страничните огледала, по завршувањето со достава на пошта да го врати мопедот во Агенцијата, како и да ги врати клучевите во службените простории на Агенцијата, на определеното местото за чување на клучевите.“

**Член 15**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ членот 12 (кој со овие измени и дополнувања стана член 14), се менува и гласи:

„Член 14

(1) За одржување на службените возила според законски утврдена постапка се избира сервис за одржување на моторни возила.

(2) Возачите, доставувачите се задолжени да се грижат за редовните проверки на возилата (одржување на хигиена, дотур на гориво, контрола на течности односно полнење на литиумската батерија со електрична енергија и др.) и за тоа да го известуваат раководителот на Одделението за општи работи, а во негово отсуство раководителот на Секторот.

(3) Во случај на управување на службено возило од страна на повеќе возачи, доставувачи, тие се должни меѓусебно да се известуваат за состојбата на возилото.

(4) Раководителот на Одделението за општи работи, по добиеното писмено известување за состојбата на возилото (дефект, оштетено возило итн.), презема дејствија за организација, за санирање или подобрување на состојбата на службеното возило.

(5) Секое службено возило мора да има дневник, во кој се внесуваат основните податоци за возилото и тоа: кога е набавено, кога се извршени техничките прегледи и сервиси, какви поправки му се вршени на возилото, кога е извршената замена на гуми, тип на гума, со каков алат располага возилото, потрошувачката на гориво, масло, дата на менување на маслото и друго.

Податоците во дневникот редовно ги внесуваат возачите, како одговорни лица за одржување на службените возила и должни се најмалку еднаш месечно да му ги презентираат на раководителот на Одделението за општи работи.

**Член 16**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ во членот 13 (кој со овие измени и дополнувања станува член 15), зборот: „моторно“ се брише.

**Член 17**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ во насловот пред членот 14 (кој со овие измени и дополнувања станува член 16): „Опрема за службеното моторно возило“ зборот: „моторно“ се брише.

**Член 18**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ во членот 14 (кој со овие измени и дополнувања станува член 16), се вршат следните измени и тоа:

- во став 1 зборот: „моторно“ и точките 9 и 13 се бришат.
- точките 10, 11, 12 и 14 стануваат точки 9, 10, 11 и 12.

**Член 19**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, по членот 14 (кој со измените и дополнувањата станува член 16), се додава нов член 17 кој гласи:

„Член 17

Службениот електричен мопед задолжително треба да ја поседува следнава опрема:

- шлем/кацига.“

**Член 20**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ во членот 15 (кој со овие измени и дополнувања станува член 18), се вршат следните измени и дополнувања и тоа:

- во ставот 1:

- зборовите „бр.01-577/1 од 23.01.2015 година“, „бр.01-578/1 од 23.01.2015 година“ се бришат;

- по зборот: „возач“, се додава интерпукцискиот знак запирка (,) и зборот: „доставувач“;
- зборовите: „Одделението за јавни набавки и општи работи“ се заменуваат со зборовите: „Одделението за општи работи“.

- во ставот 3:

- зборовите: „моторни“ секаде се бришат;
- по зборот: „возачите“, се додава интерпукцискиот знак запирка (,) и зборот: „доставувачите“;
- зборовите: „Одделението за јавни набавки и општи работи“ се заменуваат со зборовите: „Одделението за општи работи“.

- во ставот 4:

- зборовите: „Одделението за јавни набавки и општи работи“ се заменуваат со зборовите: „Одделението за општи работи“ и
- по зборот: „Агенцијата“, интерпукцискиот знак точка (.) се заменува со интерпукцискиот знак запирка (,) и се додаваат зборовите: „а во случај на негово отсуство до заменик на директорот на Агенцијата“.

**Член 21**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“ во членот 16 (кој со овие измени и дополнувања станува член 19), се вршат следните измени и тоа:

- во ставот 1:

- зборот: „моторни“, се брише;
- зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија“ бр.24/03 и 17/11)“ се бришат;

- во ставот 2:

- зборот: „моторни“ се брише;
- по зборот: „Агенцијата“, се додаваат зборовите: „а во случај на негово отсуство заменик на директорот на Агенцијата“ и
- буквата: „а“ се брише.

- во ставот 3:

- по зборот: „возачот“ се додаваат зборовите: „,доставувачот или овластеното лице кое управува со службеното возило согласно овластувањето дадено од страна на директорот на Агенцијата“;
- зборот: „на возилото“ се брише и
- по зборот: „Агенцијата“, се додаваат зборовите: „а во случај на негово отсуство заменик на директорот на Агенцијата“.

- во ставот 4:

- по зборот: „возачот“ се додаваат зборовите: „,доставувачот или овластеното лице кое управува со службеното возило согласно овластувањето дадено од страна на директорот на Агенцијата“;
- зборовите: „на службеното моторно возило возилото“ се бришат и
- по зборот: „Агенцијата“, се додаваат зборовите: „а во случај на негово отсуство заменик на директорот на Агенцијата“.

**Член 22**

Во глава „III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА“, во членот 17 (кој согласно овие измени и дополнувања станува член 20), се вршат следните измени и дополнувања:

- зборовите: „моторни“ секаде се бришат и
- во ставот 2 по зборот: „Агенцијата“, интерпукцискиот знак точка (.) се заменува со интерпукцискиот знак запирка (,) и се додаваат зборовите: „а во случај на негово отсуство до заменик на директорот на Агенцијата“.

**Член 23**

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во Прилогот бр.1 – Преглед на службени моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се вршат следните измени и дополнувања:

- во насловот и во текстот на прегледот зборовите: „моторни" се бришат,
- во текстот на прегледот алинејата 2: „- PEUGAUT 308, со регистарски таблички SK-790-TS", се брише;
- се додава нова алинеја 6 која гласи: „- мопед: - OPG-EM006 (new EEC certificate), со регистарски таблички SK-2445-AU" и
- алинеите 3, 4, 5 и 6 стануваат алинеи 2, 3, 4 и 5.

**Член 24**

Прилогот бр.2 од Правилникот за службените возила на Агенцијата – Налог за користење патнички автомобил за службени дејствија бр.___, се менува и гласи: Налогот за користење патнички автомобил за деловни потреби, кој е составен дел на овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за службените возила на Агенцијата како Прилог бр.1

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, по Прилогот бр.2 – Налог за користење патнички автомобил за деловни потреби бр.____, се додаваат два нови Прилози и тоа: Прилог бр.3 – Налог за службено патување во РСМ и Прилог бр.4 – Патен налог за службено патување во странство, кои се составен дел на овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-1063/1 од 11.02.2015 година и бр.01-4085/1 од 18.06.2015 година, како Прилог бр.2 и 3.

**Член 25**

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во Прилогот бр.3 – Месечен извештај – трошоци – за патнички моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (кој со овие измени и дополнувања станува Прилог бр.5), се вршат следните измени:

- во табелата, редот 1: „НИСАН SK-115-UB" и редот 2: „ПЕЖО SK-790-TS" се бришат;
- се додава нов ред 5: „ПАСАТ SK-1091-AI",
- во делот „контролирал" (под табелата): зборовите: „Раководител на Одделение за јавни набавки и општи работи" се заменуваат со зборовите: „Раководител на Одделение за општи работи".

**Член 26**

Низ целиот текст на Правилникот за службени возила, зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

**Член 27**

Во останатиот дел Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не се менува.

**Член 28**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр. 01-3938/1**

**25.10.2021 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**_________________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Прилог бр. 1

год.

Реден број
на евиденцијата

## Налог за користење патнички автомобил за деловни потреби

(презиме и име на корисникот)

(работно место - положба, звање)

(назив на возилото)

(рег. број)

од (место на поаѓање) до (место на определување)

(опис на работата - службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето

Време на враќање

Состојба на броилото при поаѓање км.

при враќање км.

Број на поминати километри км.

Заверува,

(потпис на возачот)

(потпис на корисникот)

(овластено лице)

ЗАБЕЛЕШКА:

Прилог бр.2

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ

Архивски бр.___________________

Скопје, ______/______/_________ година.

# НАЛОГ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ

Работникот/чката: ____________________________________________

распореден/а на работни задачи:_________________________________

______________________________________________________________

Се упатува на службен пат на ден:_________________________________ година.

Во: __________________________________________________________

Со работна задача: ____________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

На службеното патување да користи превозно средство: _______________

______________________________________________________________

Дневница за службеното патување припаѓа во износ од ___________________ денари.

На службеното патување ќе се задржи до ___________ година, а по враќањето од службеното патување и даѓањето на работа во рок од 48 часа ќе поднесе писмен извештај за извршената службена работа и сметка/и за направените трошоци при патувањето.

Патните трошоци направени при службеното патување паѓаат на товар на: ___________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Одобрувам исплата на аванс во износ од ____________________________.

Налогодавач,

(М.П.)

_______________________

# ПАТНА СМЕТКА

| Почеток на патувањето, датум и време. ___/___/______год. ____/____ | Број на часови | Број на денови | По ден | Вкупно денари | Исплата на дневница | Чисти дневници за исплата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крај на патувањето, датум и време. ___/___/______год. ____/____ | | | | | | |

| ОД | ДО | Вид на превозот | Денари | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | Вкупно | | |
| | | Примен аванс | | |

Прилозите

Во ____________ на денот ____/____/20______ година.

______________________
Поднесувач на сметката

Потврдувам дека патувањето е извршено според патниот налог и наредувам исплата на патната сметка во износ од ______________________ денари..
Со зборови: ____________________________________________

Во ______________ на денот _____/_____/20_______ година.

Ликвидирал
______________________

Раководител на сметководство
______________________

Наредбодавец
______________________

Примил/Вратил
Денари ______________

______________________
Благајник

Примил/Вратил
Денари ______________

______________________
Поднесувач на сметката

Извештај за извршената службена работа при патувањето:

Прилог бр. 3

## ПАТЕН НАЛОГ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ

______________________________________

На должност: ______________________________________

Да замине на службени работи од Скопје во ______________________________________

Со право на патни и дневни расписки за превозно средство и разред спрема нормативните акти на работната заедница.

Цел на патувањето е ______________________________________

______________________________________

На пат да замине ______.20________ год.__________часот

Од пат да се врати ______.20________год.__________часот

За извршување на службеното патување одобруваме користење на превозно средство.

______________________________________

______________________________________

За патувањето во странство висината на дневницата ќе ја утврди наредбодателот со посебно решение.

Одобрувам исплата на АВАНС ______________________________

______________________________________

______________________________________

По обавеното службено патување, а најкасно 3 дена по враќањето лицето е должно да поднесе сметки за патните и дневните трошоци, да изврши пресметка на подигнатиот аванс, како и да поднесе писмен извештај за извршената работа.

НАРЕДБОДАТЕЛ

____________________

На основ на предходниот патен налог имам извршено службено патување и поднесувам

## СМЕТКА
## ЗА ИСПЛАТА НА ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ

Дата на поаѓање ________________ 20__ год. во _____ часот

Дата на враќање________________ 20__ год. во _____ часот

| ОПИС | Број на дневници | Износ на дневници | Вкупно во валута | Дневен продажен курс денари | Вкупно во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Дневници | | | | | |
| 2) _______% Зголемување _______ | | | | | |
| Се: | | | | | |
| 3) _______% Намалување ______ | | | | | |
| ЗА ИСПЛАТА: | | | | | |
| 4) Трошоци за ноќевање по Приложена сметка, патни и други Трошоци по прилог спецификација | | | | | |
| ВКУПНО ЗА ИСПЛАТА: | | | | | |
| 5) ИСПЛАТЕН АВАНС: ЗА ИСПЛАТА: | | | | | |
| 6) РАЗЛИКА ЗА ПОВРАЌАЈ: | | | | | |

СО БУКВИ - ВКУПЕН ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА ______________________________

______________________________________________

Скопје, ________________ год. Подносител на сметка

____________________

Потврдувам дека е извршено патувањето според предниот патен налог и наредувам Исплата по оваа сметка.

Ликвидатор, Шеф на сметководство, НАРЕДБОДАТЕЛ,

__________________ __________________ __________________

Исплатил благајник,

## СПЕЦИФИКАЦИЈА

На направените трошоци во врска со
Службеното патување во ________________

| Реден број | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

ВКУПНО:

__________________

Со букви: ________________________________________

________________________________________

Скопје, __________________ 20__ год. Подносител на сметка